МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
MACEDONIAN OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH ASSOCIATION

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА

Годишен извештај за 2019 - Смртни случаи, повреди и несреќи при работа

Востаничка бр. 2, Скопје, Македонија I тел/факс: +389 (0)2 2774 868
емаил: kontakt@mzzpr.org.mk I веб: www.mzzpr.org.mk

**Предговор**

Времето кога го изготвуваме овогодинешниот извештај за случени несреќи на работното место за 2019 година е време кога светот се справува со најголемата модерна пандемија – новиот корона вирус. Близу 3 милиони луѓе се дијагностицирано со новиот корона вирус, а речиси 210 илјади луѓе на светско ниво починале како последица на болеста која ја предизвикува вирусот COVID-19 (Corona Virus Disease – 19). Додека светот се бори со непоимливата пандемија, тие кои се на првата борбена се здравствените работници и сите оние кои работат во делот на услужните дејности. Секој ден се погласни се барањата за соодветна лична заштита и преземање на превентивни мерки за заштита на работниците. Многумина, преку директно лично сведоштво се доведени во ситуација да ја разберат едноставната порака која во секоја прилика ја потенцираме – безбедноста на прво место.

Една биолошка штетност на најсликовит начин му ги опиша на човештвото зборовите кои многумина ги сфаќаат со доза на иронија и неверување – со заштитата при работа нема компромис. Или ја спроведувате или не. Или допринесувате кон креирање на превентивна култура или допринесувате кон создавањето на случаи на „убиства“ на работните места.

И оваа година МЗЗПР нај ревносно го изработи годишниот извештај и заклучува дека во Македонија животот се губи на работното место. И оваа година заклучуваме дека бројните институции се борат со својата улога која треба да ја имаат во создавањето на превентивна култура, засенети од бројните политички превирања и несигурности кои во континуитет го истоштуваат нашето општество. Овој општествен замор допринесува многумина својата работна сила да ја понудат надвор од нашите граници, а со тоа директно да го разнишаат пазарот на трудот.

Со желба да што е возможно побрзо заврши светската пандемија и светот да го изгради својот одбранбен систем, размислете следниот пат кога ќе ги рангирате приоритетите во животот, на кое место ќе ја ставите заштитата при работа.

Милан Петковски

Претседател на Македонското здружение за заштита при работа

П.С. Благодарам на сите колеги кои помогнаа во изготвувањето на овогодинешниот извештај за случените несреќи на работното место!

**Вовед**

Во континуитет од 2008 година кога го издадовме првиот извештај за несреќи на работното место, па се до денес, Македонското здружение за заштита при работа ревносно работи на прибирање на податоци кои треба да ја опишат состојбата со заштитата при работа во Македонија. Овој извештај во континуитет преставува и единствен ваков извештај кој се објавува од независна институција. Самото ова по себе повлекува и многу други засегнати страни да се обидуваат истиот да го дискредитираат и да го замолкнат. Овие усилби се честопати водени од лични интереси на поединци кои се наоѓаат директно повикани да објаснат зошто состојбата со несреќите ја имаат оваа тенденција и зошто не се преземаат поенергични мерки за намалување на овие ефекти. И веќе станува досадно да ја повторуваме нашата позиција дека целта на овој извештај е поттикнување на оние коишто учествуваат во процесот на водење евиденција, прибирање и обработка на релевантни информации, да почнат да си ја работат нивната работа и да вложат максимален напор кон добивање на усогласени податоци за реалната состојба во областа на безбедноста и здравјето при работа. Доколку ова се направи, веќе ќе може да се надеваме да преку научен пристап ги гледаме причините за настанување на несреќите при работа во Македонија, а со тоа да го исчекориме првиот чекот во поставување на вистинската дијагноза за болеста која секоја година ни одзема огромен број на наши сограѓани.

Сведоци сме на постојани тенденции на работодавачите целокупниот процес на оценување и проценување на ризиците да биде во рамките на нивните можности и внатре во нивните микро средини со ресурсите кои располагаат. На работниците им се нудат нецелосни информации и наместо фокусот да биде создавањето на превентивна култура на работното место, се повеќе се симплифицира постапката за оценка на присутните ризици и се товарат со одговорности, како што е давање на мислење за проценката на ризик од страна на синдикалниот претставник, за материја која ни оддалеку не ја познава.

Но тука не застануваат искривувањата кои се случуваат во системот за безбедност и здравје при работа. Бројни стручни лица, кои се стекнаа со лиценци за вршење на работи од областа на безбедност при работа немаат ниту високо техничко образование. Оваа малформација од страна на претставници на Државниот Инспекторат за Труд, надлежни за овој процес, ја објаснуваа со недореченоста на членот 17-а („...да има високо образование од заштита при работа, технички или друг отсек, кој одговара на дејноста на работодавачот...“) па веќе во пракса можат да се најдат лекари, како и професори од средни училишта, медицинска сестра, фармацевти, како и стоматолози како стручни лица за безбедност при работа.

За крај, Македонското здружение за заштита при работа, со цел добивање на комплетни податоци за настанати несреќи при работа и смртни случаи во Р. Македонија за 2019 год., побара официјални податоци за истите од:

- ☐ Државен завод за статистика на Р. Македонија
- ☐ ЈЗУ Институт за јавно здравје
- ☐ Државен инспекторат за труд
- ☐ Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
- ☐ ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р. Македонија - Скопје
- ☐ Организација на работодавачи на Р. Македонија
- ☐ Сојуз на синдикатите на Р. Македонија
- ☐ Конфедерација на слободни синдикати на Р. Македонија
- ☐ Министерство за внатрешни работи на Р. Македонија

# НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2019

Во 2019 година според нашиот извештај се случиле 178 несреќи при работа. Од нив 25 беа фатални. Така, **стапката на смртни случаи при работа** во Македонија изнесува 3,19 односно на секои 100.000 вработени, загинуваат 3 до 4 вработени. Стапката на смртни случаи при работа е намалена во споредба со 2018 година, кога изнесувала 4.34.

Доколку се земе за споредба Велика Британија, каде стапката изнесува околу 0.5, ќе констатираме дека Македонија има прилично висока стапка на фатални несреќи при работа.

Кога пак како параметар ќе се земат повредите при работа, тогаш **стапката на повреди при работа** за 2019 година изнесува 19,18, што покажува дека на секои 100.000 вработени, се повредуваат околу 19 вработени. Споредбено со минатата година, кога стапката на повреди при работа изнесувала 16,3, стапката на повреди за 2019 е во пораст. За подетален приказ погледнете ја **Табела 1.**

***Табела 1** - 2019 година*

| **СТАПКА НА НЕСРЕЌНИ СЛУЧАИ** | ВКУПНО | ПРИМЕРОК | ВКУПНО ВРАБОТЕНИ | СТАПКА |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Повреди** | 153 | 100.000 | 797.651[1] | 19,18 |
| **Смртни случаи** | 25 | 100.000 | 797.651 | 3,13 |







[1] Според податоците на Државниот завод за статистика , во IV тримесечје од 2019 година активното население во Република Македонија брои 964.014 лица од кои вработени се 797.651, а 166.363 лица се невработени.

# ПОВРЕДИ И СМРТНИ СЛУЧАИ СПОРЕД ГРАДОВИ ЗА 2019

Во Република Македонија официјално има 34 градови. Во 2019 година во 32 од нив се случиле несреќи при работа, што значи дека во 89% биле забележани несреќи при работа. Во однос на градот во кој се случила несреќата, **Скопје** е град со најголем број на несреќи. По **Скопје** следат **Куманово** и **Гостивар.** Оваа година во Скопје, Гостивар, Струга и Берово се случија и најголемиот број на смртни случаи поврзани со работното место. Целосен преглед на повредите и несреќите по градови е прикажан во **Табела** 2.

***Табела 2***

| НЕСРЕЌИ ПО ГРАДОВИ | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Берово | 3 | **2** | 5 |
| Битола | 7 | 0 | 7 |
| Велес | 7 | 1 | 8 |
| Виница | 2 | 0 | 2 |
| Гевгелија | 3 | 1 | 4 |
| Гостивар | **17** | **2** | **19** |
| Дебар | 1 | 0 | 1 |
| Делчево | 3 | 0 | 3 |
| Демир Капија | 1 | 0 | 1 |
| Дојран | 1 | 0 | 1 |
| Долнени | 1 | 0 | 1 |
| Кавадарци | 6 | 0 | 6 |
| Кичево | 3 | 0 | 3 |
| Кочани | 6 | 1 | 7 |
| Крива Паланка | 1 | 0 | 1 |
| Куманово | **19** | 1 | **20** |
| Маврово | 0 | 1 | 1 |
| М. Каменица | 1 | 0 | 1 |
| Неготино | 2 | 0 | 2 |
| Охрид | 4 | 1 | 5 |
| Пехчево | 1 | 0 | 1 |
| Прилеп | 3 | 1 | 4 |
| Пробиштип | 5 | 0 | 5 |
| Радовиш | 1 | 1 | 2 |
| Ресен | 0 | 0 | 0 |
| Росоман | 0 | 1 | 1 |
| Свети Николе | 1 | 0 | 1 |
| Скопје | **40** | **8** | **48** |
| Струга | 0 | **2** | 2 |
| Струмица | 5 | 1 | 6 |
| Тетово | 4 | 1 | 5 |
| Штип | 4 | 0 | 4 |
| **Странство** | 1 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | **153** | **25** | **178** |


ПОВРЕДИ ПО ГРАДОВИ ЗА 2019
1. Скопје 40
2. Куманово 19
3. Гостивар 17
Берово
Битола
Велес
Виница
Гевгелија
Гостивар
Дебар
Демир...
Дојран
Долнени
Кавадарци
Кичево
Кочани
Крива...
Куманово
Маврово
М. Каменица
Охрид
Пехчево
Прилеп
Пробиштип
Радовиш
Ресен
Росоман
Свети...
Скопје
Струга
Струмица
Тетово
Штип
Странство
ВКУПНО
ПОВРЕДИ


СМРТНИ СЛУЧАИ ПО ГРАДОВИ 2019
1. Скопје 8
2. Берово 2
3. Гостивар 2
Берово
Виница
Гевгелија
Гостивар
Дебар
Делчево
Демир Капија
Дојран
Долнени
Кочани
Крива Паланка
Куманово
Маврово
Пехчево
Прилеп
Пробиштип
Росоман
Скопје
Струмица
Странство
ВКУПНО
СМРТНИ СЛУЧАИ


ВКУПНО ПОВРЕДИ И НЕСРЕЌИ ПО ГРАДОВИ 2019
1. Скопје 48
2. Куманово 20
3. Гостивар 19
Берово
Битола
Велес
Виница
Гевгелија
Гостивар
Дебар
Делчево
Демир Капија
Дојран
Долнени
Кавадарци
Кичево
Кочани
Крива Паланка
Куманово
Маврово
М. Каменица
Неготино
Охрид
Пехчево
Прилеп
Пробиштип
Радовиш
Ресен
Росоман
Свети Николе
Скопје
Струга
Струмица
Тетово
Штип
Странство
ВКУПНО
ПОВРЕДИ
СМРТНИ СЛУЧАИ
ВКУПНО

# НЕСРЕЌИ СПОРЕД ДЕЈНОСТИ ЗА 2019

Несреќите по дејности се класифицирани според националната класификација на дејности (НДК). Во 2019 година најмногу несреќи има во дејноста **„Градежништво”** по што следи **„ Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби””**. Најголем број на несреќи кои резултирале во смрт има во **„Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби**”, по што следи дејноста **„Градежништво**”.

Дејностите на домаќинства како работодавачи во голем дел ги опфаќаат земјоделските работи на своите имоти. Доколку овие лица се регистрирани како земјоделци, тогаш голем дел од повредите би се припишале на дејноста земјоделство. Најголемиот број на несреќи во оваа дејност се случиле со земјоделска машина - **трактор**, при вршење на земјоделски работи, транспорт или при учество во сообраќај. Исто така градежните зафати врз објектите од домаќинството каде што имаше исто така зголемен број на повреди и смртни случаеви, покажува дека дејностите во домаќинствата се една од најчестите причини за настанување на несреќи при работа.

Целосниот преглед е претставен во **Табела** 3.

***<u>Табела 3</u>***

| Национална класификација на дејности - НКД | | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| N/Л | АДМИНИСТРАТИВНИ И ПОМОШНИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 0 | 0 | 0 |
| F/Ѓ | ГРАДЕЖНИШТВО | 36 | 6 | 42 |
| T/П | ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КАКО РАБОТОДАВАЧИ, ДЕЈНОСТИ НА ДОМАЌИНСТВАТА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ РАЗНОВИДНА СТОКА И ВРШАТ РАЗЛИЧНИ УСЛУГИ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ | 21 | 8 | 29 |
| S/O | ДРУГИ УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | 9 | 1 | 10 |
| A/A | ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 2 | 0 | 2 |
| J/S | ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | 1 | 0 | 1 |
| O/Љ | ЈАВНА УПРАВА И ОДБРАНА, ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ | 21 | 3 | 24 |
| I/З | ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ СО ХРАНА | 2 | 0 | 2 |
| C/B | ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | 27 | 0 | 27 |
| B/Б | РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ НА КАМЕН | 5 | 1 | 6 |
| E/Д | СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА, ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И ДЕЈНОСТИ ЗА САНАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА | 8 | 2 | 10 |
| H/Ж | ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | 13 | 4 | 17 |
| G/E | ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И МАЛО, ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ | 2 | 0 | 2 |
| | ЗАНИМАЊА ЗА ЗАШТИТА НА ИМОТ И ЛИЦА | 6 | 0 | 6 |
| | ВКУПНО | 153 | 25 | 178 |

Како и изминатите години, така и оваа, при смртен случај или потешка повреда на работно место постојат различни инспекциски служби кои се надлежни за вршење увид. Во рударството увид во несреќите врши рударски инспектор. Инспекцијата за заштита при работа во состав на Министерството за труд и социјална политика не врши увид и не води евиденција за несреќи на работници во сообраќај, во секторот на полиција, одбрана и за несреќи настанати при вршење дејност во домаќинствата. Поради ова постои можност за разлика во бројките за несреќи кои ги водат различни институции.

# ПРИЧИНИТЕЛИ НА НЕСРЕЌА НА РАБОТА

Поради потребата од детална истрага и анализа за да се утврдат вистинските причинители за секоја повреда или смртен случај, не сме во можност да направиме соодветна класификација. Односно најчесто од нашите извори (медиумите) немаме целосни податоци за причинителот на повредата или целосен и точен опис на настанот. Ова ќе можеме да го класифицираме во моментот кога за извори на податоците ќе имаме релевантни податоци согласно одредена методологија на водење на несреќите.

# ПОДЕЛБА НА НЕСРЕЌИТЕ ПО ДЕНОВИ ВО 2019

Бидејќи податоците кои ги објавуваме се однесуваат на сите дејности согласно НКД, постои изедначеност на несреќите по денови. Затоа имаме несреќи при вршење дејност и во сабота и недела. При оваа анализа утврдено е дека најмногу смртни случаи имало во **Сабота**, а исто така голем број на повреди имало и во деновите – **среда**, **вторник и понеделник**.

***Табела 3***

| ДЕН ВО НЕДЕЛАТА | ПОВРЕДИ | СМРТ | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПОНЕДЕЛНИК** | 23 | 2 | 25 |
| **ВТОРНИК** | 29 | 5 | 34 |
| **СРЕДА** | 36 | 3 | 39 |
| **ЧЕТВРТОК** | 20 | 1 | 21 |
| **ПЕТОК** | 17 | 2 | 19 |
| **САБОТА** | 18 | 9 | 27 |
| **НЕДЕЛА** | 10 | 3 | 13 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 153 | 25 | 178 |


ПОВРЕДИ ПО ДЕНОВИ ВО НЕДЕЛАТА 2019
1. Среда 36
2. Вторник 29
3. Понеделник 23
40
35
30
25
20
15
10
5
0
23
29
36
20
17
18
10
ПОНЕДЕЛНИК
ВТОРНИК
СРЕДА
ЧЕТВРТОК
ПЕТОК
САБОТА
НЕДЕЛА
ПОВРЕДИ


СМРТ ПО ДЕНОВИ ВО НЕДЕЛАТА 2019
1. Сабота 9
2. Вторник 5
3. Среда / недела 3
10
9
8
7
6
5
4
3
2
1
0
2
5
3
1
2
9
3
ПОНЕДЕЛНИК
ВТОРНИК
СРЕДА
ЧЕТВРТОК
ПЕТОК
САБОТА
НЕДЕЛА
СМРТ


НЕСРЕЌИ ПО ДЕНОВИ ВО НЕДЕЛАТА 2019
1. Среда 39
2. Вторник 34
3. Сабота 27
45
40
35
30
25
20
15
10
5
0
25
34
39
21
19
27
13
ПОНЕДЕЛНИК
ВТОРНИК
СРЕДА
ЧЕТВРТОК
ПЕТОК
САБОТА
НЕДЕЛА
БРОЈ НА НЕСРЕЌИ

# НЕСРЕЌИ ПО МЕСЕЦИ ВО 2019

Според резултатите добиени од анализа на несреќите при работа, по месецот во кој се случиле, можеме да видиме дека најмногу несреќи се случиле во месец **Октомври**, а во **Јуни** се случиле најголем број на смртни случаи. Може да се забележи дека несреќите најчесто се случувале во пролетните месеци, како и на почеток на есенските месеци. 2019 година во сите останати месеци имаме слична состојба со бројот на несреќни при работа. Во летните месеци на 2019 г. во споредба со минатите години има намалување и на бројот на повреди и на бројот на смртни случаеви. Прегледот по месеци е даден во **Табела 4.**

***Табела 4***

| МЕСЕЦ ВО ГОДИНАТА | ПОВРЕДИ | СМРТ | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ЈАНУАРИ** | 19 | 1 | 20 |
| **ФЕВРУАРИ** | 10 | 3 | 13 |
| **МАРТ** | 13 | 1 | 14 |
| **АПРИЛ** | 23 | 3 | 26 |
| **МАЈ** | 9 | 3 | 12 |
| **ЈУНИ** | 8 | 4 | 12 |
| **ЈУЛИ** | 6 | 1 | 7 |
| **АВГУСТ** | 6 | 1 | 7 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 6 | 1 | 7 |
| **ОКТОМВРИ** | 24 | 3 | 27 |
| **НОЕМВРИ** | 19 | 2 | 21 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 10 | 2 | 12 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 153 | 25 | 178 |


ПОВРЕДИ ПО МЕСЕЦИ ЗА 2019
1. Октомври 24
2. Април 23
3. Јануари/ноември 19
180
160
140
120
100
80
60
40
20
0
19
10
13
23
9
8
6
6
6
24
19
10
153
ЈАНУАРИ
ФЕВРУАРИ
МАРТ
АПРИЛ
МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ
АВГУСТ
СЕПТЕМВРИ
ОКТОМВРИ
НОЕМВРИ
ДЕКЕМВРИ
ВКУПНО
ПОВРЕДИ


СМРТНИ СЛУЧАИ ПО МЕСЕЦИ ЗА 2019
1. Јуни 4
2. Февруари, Април, Мај, Октомври 3
3. Ноември, Декември 2
30
25
20
15
10
5
0
1
3
1
3
3
4
1
1
1
3
2
2
25
ЈАНУАРИ
ФЕВРУАРИ
МАРТ
АПРИЛ
МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ
АВГУСТ
СЕПТЕМВРИ
ОКТОМВРИ
НОЕМВРИ
ДЕКЕМВРИ
ВКУПНО
СМРТ


БРОЈ НА НЕСРЕЌИ ПО МЕСЕЦИ ЗА 2019
1. Октомври 27
2. Април 26
3. Ноември 21
200
180
160
140
120
100
80
60
40
20
0
20
13
14
26
12
12
7
7
7
27
21
12
178
ЈАНУАРИ
ФЕВРУАРИ
МАРТ
АПРИЛ
МАЈ
ЈУНИ
ЈУЛИ
АВГУСТ
СЕПТЕМВРИ
ОКТОМВРИ
НОЕМВРИ
ДЕКЕМВРИ
ВКУПНО
БРОЈ НА НЕСРЕЌИ

# НЕСРЕЌИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2018 ГОДИНА

Според добиените податоци најголем број несреќи се случиле на лица на возраст помеѓу 45-54 години. Меѓутоа, најголем број на несреќи со фатален исход има во категорија на возраст од 55-64 години. Мора да се истакне дека за голем број на несреќи нема податоци за возраста. Целосниот преглед на несреќи според возраста можете да го погледнете во **Табела 5**.

***Табела 5***

| ВОЗРАСТ | ПОВРЕДИ | СМРТ | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПОД 18** | 0 | 0 | 0 |
| **18 - 24** | 5 | 0 | 5 |
| **25 - 34** | 27 | 3 | 30 |
| **35 - 44** | 23 | 7 | 30 |
| **45 - 54** | **39** | 8 | 47 |
| **55 - 64** | 28 | 5 | 33 |
| **НАД 64** | 9 | 2 | 11 |
| **НЕПОЗНАТО** | 22 | 0 | 22 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 153 | 25 | 178 |


ПОВРЕДИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2019
непознато 22
1. 45-54 / 39
2. 55-64 / 28
3, 25-34 / 27
180
160
140
120
100
80
60
40
20
0
0
5
27
23
39
28
9
22
153
ПОД 18
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
НАД 64
НЕПОЗНАТО
ВКУПНО
ПОВРЕДИ


СМРТНИ СЛУЧАИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2019
1. 45-54 / 8
2. 35-44 / 7
3. 55-64 / 5
30
25
20
15
10
5
0
0
0
3
7
8
5
2
0
25
ПОД 18
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
НАД 64
НЕПОЗНАТО
ВКУПНО
СМРТ


БРОЈ НА НЕСРЕЌИ ПО ВОЗРАСТ ЗА 2019
непознато 22
1. 45-54 / 47
2. 55-64 / 33
3. 25-44 / 30
200
180
160
140
120
100
80
60
40
20
0
0
5
30
30
47
33
11
22
178
ПОД 18
18 - 24
25 - 34
35 - 44
45 - 54
55 - 64
НАД 64
НЕПОЗНАТО
ВКУПНО
БРОЈ НА НЕСРЕЌИ

# НЕСРЕЌИ ПО ПОЛ ЗА 2018 ГОДИНА

Во согласност со нашите податоци оваа година бројот на повреди и смртни случаи спаѓаат исклучиво во категоријата **мажи**. Целосниот преглед погледнете го во **Табела 6**.

***Табела 6***

| ПОЛ | ПОВРЕДИ | СМРТНИ СЛУЧАИ | БРОЈ НА НЕСРЕЌИ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **МАЖИ** | 150 | 24 | 174 |
| **ЖЕНИ** | 3 | 1 | 4 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | 153 | 25 | 178 |




1. **Мажи 150**
2. **Жени 3**




1. **Мажи 24**
2. **Жени 1**




1. **Мажи 174**
2. **Жени 4**

# ИЗВОР НА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ НА НАСТАНАТИ НЕСРЕЌИ ПРИ РАБОТА

Македонското здружение за заштита при работа како извор за добивање на податоци за настанати несреќи при работа во 2019-та година ги користеше информациите објавени во пишаните и електронски медиуми во Р. Македонија. Добиените информации за настанати несреќи при работа од медиумите беа основа за направената анализа на податоците која е прикажана претходно.

Македонското здружение за заштита при работа, со цел добивање на комплетни податоци за настанати несреќи при работа и смртни случаи во Р. Македонија за 2019 год., побара официјални податоци за истите од:

- ☐ Државен завод за статистика на Р. Македонија
- ☐ ЈЗУ Институт за јавно здравје
- ☐ Државен инспекторат за труд
- ☐ Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
- ☐ ЈЗУ Институт за медицина на трудот на Р. Македонија - Скопје
- ☐ Организација на работодавачи на Македонија
- ☐ Сојуз на синдикатите на Македонија
- ☐ Конфедерација на слободни синдикати на Македонија

До моментот на заклучување на извештајот немаме добиено податоци од наведените институции:

| МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА | | | |
|---|---|---|---|
| **Година** | **Повреди** | **Несреќи со смртен исход** | **Вкупно несреќи** |
| 2018 | 134 | 24 | 158 |
| 2019 | 153 | 25 | 178 |

# РЕЗИМЕ

По основ на анализа на податоците за несреќи во 2018 и 2019 година евидентирано е дека бројот на несреќи во споредба со 2018 година е со нагорна линија но е евидентиран пад на несреќи со смртен исход . Сооднос на несреќите во проценти во споредба со 2018 година изнесува:

| извештај МЗЗПР | Повреди | Смрт |
|---|---|---|
| 2018 | 124 | 33 |
| 2019 | 153 – **Зголемување за** 18,9 % | 25 – **Намалување за** 24,2 % |

Повторно сметаме дека е потребно да нагласиме, дека целта на овој извештај е поттикнување на оние кои што учествуваат во овој процес да вложат максимален напор кон добивање на усогласени податоци за реалната состојба во областа на водење евиденции во областа на безбедноста и здравјето при работа.

Целта не е само усогласување на бројките, туку овие бројки поткрепени со низа други статистички податоци да бидат анализирани за да добиеме одредени заклучоци, да видиме каде се слабостите и да предлагаме соодветни мерки за надминување на проблемите. Доколку само добиеме релевантни бројки без соодветна анализа целта е промашена. Овој процес мора реално да заживее и во Р. Македонија.

Покрај донесените законски решенија за водење на евиденција во оваа област потребно е и донесување на подзаконски акти кои точно ќе ги дефинираат потребните податоци при евидентирањето, кои се потребни за подетални истраги, донесување заклучоци и предлагање соодветни мерки.

Меѓутоа неретко во пракса се сретнуваме со недоволно познавање на обврските на лицата кои треба да учествуваат во деловите од процесот, како и немарниот пристап поради непознавање или други побуди. Поради тоа е потребно воведување на одговорност на сите учесници во процесот од лицата кои ги пополнуваат потребните документи до оние кои вршат нивна обработка. Исто така по усвојување на потребните обрасци потребно е да се изврши соодветна обука на сите кои учествуваат во процесот.

Доколку сакаме побрзо приближување кон Европската Унија ни претстои само уште мал број на подзаконски акти со кои ќе се воведе ESAW – Методологијата и многу работа за нејзино спроведување.